# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 17 Год. LXII Петок, 10 февруари 2006 Цена на овој број е 320 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 222. | **Одлука** за избор на судии на апелационите судови во Скопје, Битола и Штип…………………………………... | 1 |
| 223. | **Одлука** за избор на судии на Основните судови во Струмица, Куманово, Охрид, Скопје I - Скопје, Тетово, Крива Паланка и Прилеп…………….. | 2 |
| 224. | **Одлука** за разрешување од функцијата судии-поротници на Апелациониот суд - Штип…………………………….. | 2 |
| 225. | **Одлука** за избор на судии-поротници во Основниот суд - Гостивар………… | 2 |
| 226. | **Одлука** за основање на Совет на Собранискиот канал……………………... | 3 |
| 227. | **Одлука** за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.. | 3 |
| 228. | **Одлука** за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Климент Охридски“…………………………….. | 3 |
| 229. | **Одлука** за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “11 Октомври“…………………………….. | |
| 230. | **Одлука** за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија……………………………. | 4 |
| 231. | **Одлука** за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Битола……... | 4 |
| 232. | **Одлука** за огласување избор на судии на Основните судови во Скопје I - Скопје, Охрид и Битола……………… | 5 |
| 233. | **Одлука** за избор на заменик на Народниот правобранител………………. | 5 |
| 234. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на стопански недоволно развиените подрачја во Република Македонија во периодот од 2003 до 2007 година…………………………… | 5 |
| 235. | **Правилник** за ветеринарно-санитарните и техничко-технолошките услови за изградба, техничко уредување, опремата, начинот на работа, хигиената, ветеринарно-санитарниот преглед и контрола и начинот на водење на евиденција и регистрација на објектите наменети за фармско одгледување на полжави……………………… | 13 |


---

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

## П Р А В И Л Н И К

## ЗА ВЕТЕРИНАРНО-САНИТАРНИТЕ И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, ТЕХНИЧКО УРЕДУВАЊЕ, ОПРЕМАТА, НАЧИНОТ НА РАБОТА, ХИГИЕНАТА, ВЕТЕРИНАРНО-САНИТАРНИОТ ПРЕГЛЕД И КОНТРОЛА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ НАМЕНЕТИ ЗА ФАРМСКО ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ПОЛЖАВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат ветеринарно-санитарните и техничко-технолошките услови за изградба, техничкото уредување, опремата, начинот на работа, хигиената, ветеринарно-санитарниот преглед и контрола и начинот на водење на евиденција и регистрација на објектите наменети за фармско одгледување на полжави.

Член 2

Одгледување на полжави во смисла на овој правилник е примена на мерки и постапки, со кои на полжавите внесени во претходно припремен и заграден простор, се овозможуваат што поприродни услови на живеење како што се земјиште, исхрана, влага, заради репродукција и тов, наменети за преработка и промет.

Член 3

Одгледувалиште во смисла на овој правилник е физички заграден простор, оддалечен минимум 500 метри од јавни површини заради заштита на животната средина и овозможување хигиенско-здравствено исправно производство на полжави.

Член 4

Одгледувалиштето на полжави треба да биде лоцирано доволно далеку од јавните патишта, како би се оневозможило површинско аерозагадување на објектот со таложење на продуктите од согорувањето на моторните возила, и тоа:

- најмалку 10 метри од локален пат,
- 50 метри од регионалниот или магистралниот пат и
- 100 метри од автопат.

Одгледувалиштето на полжави треба да биде оддалечено од извори на непосредни и потенцијални загадувачи (загадени водотокови и неистечни води, јавни депонии, индустриски загадувачи) најмалку 200 метри.

Член 5

Одгледувалиштето треба да биде физички ограден на начин со кој ќе се спречи излегување на полжавите и влегување на штетни врсти на цицачи, влечуги, водоземци, како и домашни животни, и тоа:

- внатрешна ограда од специјална мрежа со густина која оневозможува излегување на полжавите од леите, во висина од тлото најмалку 1метар и вкопано минимум 20 цм. во земја;
- надворешна ограда од лим, во висина од најмалку 60 цм. над тлото, од кои една третина свиена под агол од 90 степени кон внатрешноста на одгледувалиштето и вкопано во земја минимум 40 цм. и мрежа со густина која оневозможува излегување на полжавите во висина од 2 метри;
- помеѓу внатрешната и надворешната ограда треба да постои појас во ширина од најмалку 1,5 метри исчистен од секаков вид на вегетација.

Одгледувалиштето треба да биде исчистено од секаков вид на вегетација во појасот од минимална ширина од 1 метар од надворешната ограда на одгледувалиштето.

Одгледувалиштето треба да биде заштитено на начин со кој ќе се спречи влегување на птици.

До влезот на одгледувалиштето треба да постои пристапен пат и манипулативен простор.

Член 6

Одгледувалиштето треба да има извор за снабдување со хигиенски исправна вода (чешми, бунари, пумпи или други извори).

Во одгледувалиштето треба да се обезбеди траен извор на храна и засенок за полжавите (билки со доволна покровност и/или вештачки заклони).

Одгледувалиштето треба да има и доволен број метални буриња или контејнери со поклопец во обезбеден простор, за отстранување на хигиенски неисправната храна, отпадоците, мртвите полжави и куќичките.

Одгледувалиштето треба да има минимум еден затворен или покриен простор за сместување на полжавите и опремата, сместен во самото одгледувалиште или во неговата непосредна близина.

Член 7

Сопственикот на одгледувалиштето поднесува писмено барање за добивање на ветеринарно-санитарна согласност за одгледувалиштето до органот надлежен за работа со ветеринарни работи пред внесување на матичното јато. Со барањето треба да се приложи:

1. извод од катастар за земјиштето,
2. доказ за сопственост или заверен договор за закуп на одредената парцела или согласност за користење на парцелата,
3. техничко-технолошка документација изработена согласно ветеринарно-санитарните и техничко-технолошките услови пропишани со овој правилник.

Член 8

Сопственикот на одгледувалиштето може да го внесе матичното јато во одгледувалиштето по претходно поднесена пријава до ветеринарниот инспектор од надлежното епизоотиолошко подрачје.

Со пријавата се приложува доказ за потеклото на матичното јато, кое може да биде:

1. со собирање од природата

2. од други фарми

3. од увоз

Сопственикот на одгледувалиштето е должен пред почетокот на внесувањето на матичното јато да спроведе одредени хигиенско-санитарни мерки и тоа: испитување на земјиштето за присуство на радионуклеиди и тешки метали, ДДД и за тоа да има пропратна документација.

Член 9

Проширување на површината на одгледувалиштето и матичното јато може да се направи под услови пропишани со овој правилник.

Член 10

За ветеринарно-санитарниот преглед и контрола треба да се води евиденција во дневник кој ги содржи следните податоци:

1. реден број на одгледувалиштето

2. датум кога одгледувалиштето почнало со работа

3. количина на полжавите во килограми, тони, примероци или проценет број на полжави по метар квадратен на одгледувалиштето

4. видови на третманот, средства, количина и датум кога е применето, согласно приложениот образец:

| Реден број на третманот | Вид на третман | Средство | Количина | Датум - траење на третманот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | | | | |
| Итн. | | | | |

Член 11

Сите третмани во врска со одгледувањето на полжавите мораат да се обавуваат со средства кои не оставаат резидуи ( штетни остатоци ).

Високата смртност на полжавите се пријавува веднаш до ветеринарниот инспектор од епизоотиолошкото подрачје.

Член 12

Одгледувалиштето треба да биде во системот на здравствениот мониторинг, кој се врши два пати годишно, во пролет по почетокот на активностите на полжавите и во есен пред престанокот на нивните активности. Мониторингот се состои во прегледот на следните предизвикувачи на болести:

| Болест | Предизвикувач |
|---|---|
| Bonamiosis | *Bonamia exitiosa* |
| | *Mikrocytos roughteli* |
| Marteiliosis | *Marteilia sydneyi* |
| Microcytosis | *Mikrocytos mackini* |
| Perkinsosis | *Perkinsus marinus* |
| | *Perkinsus olseni(atlanticus)* |
| M5X disease | *Haplosporidium nelsoni* |
| SS0 bolest | *Haplosporidium costak* |
| Zimski sindrom na abalon | *Candidatus Xenohaliotis californienis* |

Член 13

Секој промет со полжави треба да се врши во согласност со закон, а треба да се најави најмалку 24 часа пред влез или излез, до ветеринарниот инспектор од епизоотиолошкото подрачје, а доколку се врши во време на викендите, последниот работен ден во неделата.

За внесувањето и изнесувањето на полжавите во или од одгледувалиштето сопственикот на одгледувалиштето треба го извести ветеринарниот инспектор од епизоотиолошкото подрачје во пишана форма со следните податоци:

1. вид на полжав - народно и латинско име,

2. количина на полжави во матичното јато при внесување во одгледувалиштето со датум на внесување,

3. количина на полжави во матичното јато при изнесување од одгледувалиштето со датум на изнесување,

4. количина на годишно произведени полжави во одгледувалиштето наменети за консумација со датум на производство и пуштање во внатрешен промет,

5. количина на извезени полжави од одгледувалиштето наменети за консумација со датум на производство и извоз,

6. место од каде потекнува или каде се испраќа, со податоци за продавачот и купувачот,

7. вид и регистарски број на возилото со кое се врши превозот,

8. количина изразено во килограми, тони или број на примероци.

Член 14

Сопственикот на одгледувалиштето треба да ја пријави промената на сопственоста на одгледувалиштето и се врши по истата процедура како што е и пријавувањето на одгледувалиштето, за што се приложува доказ. Пријавата за промена на сопственоста се врши веднаш, а најдоцна во рок од 7 дена од денот на настанокот на промената на сопственииштвото.

Сопственикот на одгледувалиштето го пријавува престанокот со работата на одгледувалиштето до надлежниот орган. Пријавата за престанок со работа на одгледувалиштето се врши веднаш, а најрано во рок од 7 дена пред денот на престанокот. Со пријавата за престанок со работа на одгледувалиштето се поднесува доказ за тоа како ќе се отстранат полжавите од одгледувалиштето (продадени, отстапени, нештетно уништени) и третирањето на површините на одгледувалиштето по отстранувањето на полжавите. Отстранувањето на полжавите и третманот на земјиштето се врши во присуство на ветеринарниот инспектор од епизоотиолошкото подрачје.

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 11-819/3
3 февруари 2006 година
Скопје

Министер,
**Садула Дураку,** с.р.